З А П И С Н И К

Од 12- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 12-та редовна седница на ден 28.07.2022 година (Четврток) со почеток во 16.00 часот во просториите на локалната самоуправа на општина Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваше советникот Блажо Коцев.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на дванаесетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од единајсетата седница на совет на општина Василево одржана на ден 07.07.2022 година,
Процедурално за збор се јави Илми Мустафов член на советот на општина Василево рече дека пред четири месеци тој лично има поднесено Барање за финансиска помош до Советот на општина Василево досега сеуште го нема ставено како точка на дневен ред за тоа е запознаен и претседателот на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развојВане Андонов, го праша и на градоначалникот дали е и тој запознаен за тоа бидејќи гледа на секоја седница се доставуват барања а негобото барање сеуште не е доставено како точка на дневен ред.
Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека во моментот е отворена расправа по записникот од предходната седница.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека Барањето мора да е во архивата заверено можно е наредната седница да биде ставено како точка на дневен ред.
Ване Андонов рече дека на седницата на комисијата беше присутен и Илми Мустафов досега нема стигнато Барање до комисијата од Илми Мустафов од кои причини незнае има надлежни за тоа бидејќи во моментот се разгледува записникот од предходната седница рече дека стрикно советниците треба да се држат по разгледувањето на записникот и точките кој што се на дневниот ред .
Немаше забелешки по записникот од претходната седница на Совет одржана на 07.07. 2027 година беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 12 -та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2022 година за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-1;
2. Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-2;
3. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-3;
4. Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ за прво полугодие 2022 година од 01.01.2022 до 30.06.2022 година;
5. Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за учебната 2022/2023 година;

6. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Здружение на граѓани – Гулабари, „Небеска лепота“ од с. Чанаклија.
7. Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Даниел Иванов од с. Владевци.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 12 – та седница на советот на општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов предложи надополнување на дневниот ред уште со една дополнителна точка:
Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ристо Делијанов дасе надополни дневниот ред уште со една дополнителни точка:Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде:
Донесување на одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир,беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на дванајсетата седница на совет со усвоениот предлог на Ристо Далјанов да се надополни дневниот ред како 8-ма дополнителни точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир,беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2022 година за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-1 за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,
Образложение по трите точки даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека специфичностите на Извештајот за тој период. во очи паѓа реализацијата на капиталните инвестиции, каде што реализацијата е околу 56 %, односно од планирани 18 500 000 денари реализирани се 10 290 000 денари. Од ова може да се види начинот на работа и каде одат најголемиот дел од средствата. На повеќе настапи и овде на Советот има кажано дека колку што можеме повеќе ќе реалоцираме средства од непродуктивни трошења кон капитални инвестиции. Ова треба да биде и е тренд бидејќи има тешка економска ситуација и енергетска криза. Средствата кон капиталните инвестиции се помош кон фирмите а со тоа и кон вработените во фирмите кои се наши сограѓани и жители на државата и нашата општина. Друг специфичен и добар показател на кварталниот извештај се приходите од данок на имот од физички и правни лица. Минатата година кога ја презеде функцијата имаше проблем со наплатата на 2 000 000 денари, средства од концесијата на Струмичко поле, бидејќи немаше доволно прибрани средства по основ на данок на имот, односно 80% за да државата ги прати тиее средства.Оваа година уште во јуни има реализација од 75%. Со оваа динамика ќе има над 100% реализација, а тоа значи дека тие 2000 000 денари во февруари наредната година ќе бидат добиене и поставената цел ќе биде остварена. Реализацијата на вкупниот Буџет е околу 40 %. И оваа реализација е добра за општината имајќи ги предвид сите околности во кои се наоѓаме. Рече декаРеализацијата на основниот Буџет е 36,67%, овој квартал е подобар во однос на претходниот. Во однос на долговите, за месеците мај и јуни имаме намалување во јуни во однос на мај. 3 000 000 денари

има зголемување кое е за улиците во Василево и Пиперево, Но овој долг не е реален, помал е бидејќи општината има јавно приватно партнерство со Телеком за јавното осветлување и по тој основ средства од околу 1 200 000 денари кои Телеком треба да ни ги прати. Ова значи дека долгот не е 97 000 000 туку 96 287 000 денари. Од сите податоци може да се види дека општината се стабилизираме финансиски и се реализират проекти, како затечени така и нови. И се надевам дека така ќе продолжиме и во иднина, нагласи во своето излагање, градоначалникот на општина Василево Славе Андонов.

Немаше друг пријавено за збор првата точка Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2022 година за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-1;беше ставен на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 9гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-2; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,
Немаше пријавено за збор втората точка од дневниот ред:, Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-2;беше ставен на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 9гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,4.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-3; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,
Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред:Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот 01.01.2022 до 30.06.2022 година К-3;, беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 9гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,4.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред : Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ за прво полугодие 2022 година од 01.01.2022 до 30.06.2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече

дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,
За збор се јави Крсте Панев член на Советот на општина Василево според материјалите кој што ги има гледа дека ЈКП „Турија“работи со загуба каде што никој пат досега во овој период не било во загуба побара образложение.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево поради здравствени и други прчини нема представник од ЈКП„Турија рече дека во извештајот“ дадени се сите параметри околу загубата може да каже во одреден дел можеби има и тој вина што не дозволи навремено да се покачат цените на услугите и инфлацијата што ја има се надева наредниот период доколку се работи како што треба предпријатието ќе биде во добивка.
Александра Мадевска рече дека градоначалникот кажа од оправдани причини не присуствува представник од ЈКП според неа има директорка кој што во текот на денот била на работа ќе биде глупо да гласа за нешто што е во загуба нејзин предлог е оваа точка или да се премести за наредната седница или пак да дојде представник од ЈКП„Турија“ да даде образложение.
Крсто Панев во материјалите гледа трошоци по договор што никој пат досега не било така 938.949.000 денари скоро 1.000 000 денари трошоци за договор на дело тоа се надничари што треба да бидат платени има сознанија дека има луге во комуналното зимат плата а не се појавуват на работа сега на седница нема ниту нивни представник да даде образложение, според него материалите треба подетално да се разгледат бидејќи се трошат непотребно пари а патиштата и јавните површини се неискосени доколку има пари да се потруди директорката која што е назначена да си ја свати сериозно работата треба да присуствува на седницата да даде образложение по извештајот кој што го има доставено до советот не само да помине од ред како точка на дневен ред.
Александра Мадевска во извештајот гледа дека приходите се намалуват а расходите се зголемуват што укажува дека менаџерот на ЈКП„Турија“ е катастрофа упати критика до градоначалникот бидејќи во материјалите пишува дека овие загуби се од вработувањата а свесни се сите дека оваа плата се покачи само на неколку вработени за да се стигне до минималецот познато и е бидејќи пред две три години и таа беше таму вработена кога имаше одлука од владата да се зголеми минималната плата им беше зголенена платата на сите линеарно по 2. 500 денари и доколку имаше представник од ЈКП„Турија би сакала директорката да даде образложение а не да се гласа извештајот без да присуствува представник .
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека минимални се платите на сите се покачени
Александра Мадевска рече дека не се баш на сите покачени на правниците и економистите не се покачени.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тие што се договор на дело не е занив како што мислои советничката Александра Мадевска проблемот е што се покачени платите тоа е се јавно.
Александра Мадевска рече дека тој како градоначалник ја согледува работата и знае каде одат парите.
Ване Андонов член на советот рече дека работите се кажуват така како што одговарат или како што сакат сами на себе си ги томачат работите на предпоследната страна на извештајот убаво е дадено советничката Александра има добро прочитано дека има намалени приходи за 1% и зголемени расходи за 2,7% и тука застана апелира да види дека таму има напишано дека најголемо зголемување на расходи има околу бруто платите за 7,13% додека

трошоците за гориво се зголемени за 18% а прашањето беше зошто ЈКП„Турија е во таква состојба треба советниците да прочитат и да имат на ум дека инфлацијата е секојдневна што многу влијае а градоначалникот е оптимист дека наредниот извештај ќе биде подобар тој лично рече дека не е оптимист бидејќи следи уште потешок период поголема инфлација ќе се зголеми и цената на струјата репроматеријалите многу експерти велат дека ќе биде многу тешка оваа зима а за тоа што нема представник е грешка на ЈКП„Турија грешка е и на ОО„ Гоце Делчев“ што и од таму нема претставник апелира за наредната седница да има представници за да ги образложат извештаите.
Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ за прво полугодие 2022 година од 01.01.2022 до 30.06.2022 година; беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 9гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,1.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за учебната 2022/2023 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,

Немаше друг пријавено за збор Петата точка од дневниот ред: Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за учебната 2022/2023 година;беше ставена на гласење од 14присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Здружение на граѓани – Гулабари, „Небеска лепота“ од с. Чанаклија. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето се бараа 30.000 а комисијата го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во изнод од 10.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои предлогот од 10.000 со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,

Крсто Панов праша за какво здружение станува збор побара образложение како и кога е формирано тоа здружение се доделуват средства за гулабари што е смешно.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека и на него не му е познато дека постои такво здружение се работи за Ванчо Проданов барањето има ставено печат како е настанато незнае тоа го знат во централниот регистер за нас е битно да има печат . Такво здружение има и во општина Босилово. Средствата што ги барат неможе целосно да се обезбедат тешко и ќе се исплатат тогаш кога општината ќе има можност, рече дека стои зад барањето сумата од 10.000 денари ке биде исплатена.

Крсте Панов рече дека нетреба нас да не интересира за другите општини какви одлуки донесуват ние треба да размислуваме за нашата општина.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има слушнато дека и во Босилово има такво здружение за таков настан а не како пример бидејќи нивниот буџет е помал од општина Василево само сега беше направена компарација.
Предлогот од комисијата да се доделат средства во износ од 10.000 денари по барањето поднесено од Здружение на граѓани – Гулабари, „Небеска лепота“ од с. Чанаклија беше ставена на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, 3 и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка оддневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Здружение на граѓани – Гулабари, „Небеска лепота“ од с. Чанаклија со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 10.000 денари по барањето ., беше ставена на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, 3 и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Даниел Иванов од с. Владевци. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето се бараа 70.000денари а комисијата го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во изнод од 50.000 денари од 4 присутни члена комисијата го усвои предлогот од 10.000 со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека турнирот е традиционален повеќе години и поради ваквата состојба со релокација на средства се успева да се помогне на сите турнири. Општина Василево има средства и за турнир и за финансиска помош средствата ни се блокирани од фирмите се надева дека до крајот на годината две инвестиции доколку се платат со продажба на градежно земјиште има парцели за продажба тоа се средсва околу 30.000 000 денари доколку дојдат средства ке има реализација смета дека со добро работење на општината може да се постигнат одредени цели опчекува да дојдат подобри времиња.
Предлогот од комисијата да се доделат средства во износ од 50.000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од Даниел Иванов од с. Владевци беше ставена на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Немаше друг пријавено за збор седмата точка оддневниот ред: Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Даниел Иванов од с. Владевци со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 50.000 денари., беше ставена на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир, за збор се јави Ване Андонов предложи да се доделат финансиски средства во изнод од 50.000 денари.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека иде празникот Голема Богородица добро е да има секаде настани таму има почесто такви настани. Турнир требаше да има и во Василево мегутоа основниот проект реконструкција на игралиштето е готов благодарение на приватни фирми и на бившиот градоначалник Славе Христов кој му се заблагодарува лично кој што направи ревизија безплатно но нема да се постигне само да се реализира бидејќи ќе треба тендерска постапка се надева дека оваа година ќе се реализира но не е сигурен дали ќе стаса до турнирот

Бидејќи немаше друг пријавено за збор предлогот на Ване Андонов да се доделат средства во износ од 50.000 денари по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир. беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Седмата точка оддневниот ред: Донесување на одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Васко Горгиев од Нова Маала за турнир со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 50.000 денари., беше ставена на гласење од 14 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 12- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов